Натура МК

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2020

# СОДРЖИНА

**За Здружението** | **3**
Визија | 3
Мисија | 3
Области на делување | 3
Стратешки цели за 2021 | 3
Оганизациска структура | 4

**Реализирани проекти и активности** | **5**
Постигнати резултати во 2020 година | 5
Дополнителни активности | 6

**Финансиско работење во 2020 година** | **7**
Биланс на приходи | 7

# 1 За ЗДРУЖЕНИЕТО

Натура МК е непрофитно здружение на граѓани, основано во 2018 година од група ентузијасти која го гради своето искуство првично преку индивидуалните искуства на своите членови. Организацијата е во тесна соработка со локални партнерски организации, здруженија, фондации и институции и е активна на локално ниво, како и на национално ниво во соработка со релевантните државни институции.

**Визија**
Да создаде поинаков свет во кој луѓето живеат во хармонија со природата.

**Мисија**
Да застапува, спроведува и поддржува решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата.

**Области на делување**
· Зајакнување на капацитетите за одржливо користење и заштита на природните ресурси;
· Спроведување на истражувања, анализи и студии;
· Лобирање и застапување;
· Унапредување на рурален развој и алтернативен туризам;
· Промоција и унапредување на екологијата, спортот и образованието;
· Поттикнување на филантропијата и волонтерството.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА 2021

1 Зајакнување на вмреженоста со други организации;

2 Подобрување на административното работење на организацијата по принципот на меѓународни стандарди.

3 Подобрување на тековните практики за зачувување на природата во РСМ со конкретен придонес и влијание врз управувањето за заштитени подрачја;

4 Подобрување на практиките за управување со природните ресурси (приватни или јавни) и за образованието и квалитетот на животот на луѓето.

# 1 За ЗДРУЖЕНИЕТО

## Оганизациска структура

Организацијата моментално брои 14 членови со диверзифицирано искуство, 8 волонтери, еден вработен координатор на проекти и по потреба ангажирани лица за поддршка во одржување на видливоста и финансиското работење.

Со Здружението управуваат Собранието, Надзорниот Одбор и Претседателот. Собранието е највисок орган на здружението и извршува работи кои се во согласност со Статутот и со општите акти на организацијата. Претседателот на Здружението законски ја застапува организацијата, додека Надзорниот Одбор составен е од три члена кои за својата работа одговараат пред Собранието на здружението и во секое време ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна. Координаторот на проекти на Натура МК е вработен на крајот на 2019 година и го координира спроведувањето на тековните проектни активности со поддршка на уште 3 лица кои се ангажираат по потреба.



од волонтерски ангажмани и мал реализиран проект во 2019 година – кампања во рамки на проектот „Попреченоста е само прашање на перцепција“, финансиран од Европската Унија, веќе во 2020 година се забележува поголем напредок во спроведените реализирани проекти и активности.

## Постигнати резултати во 2020 година

Во периодот од август 2020 до јануари 2021, Натура МК спроведе активности кои придонесуваат за подобрување на управувањето со Шар Планина како нов национален парк во Северна Македонија. Во рамките на ангажманот беа спроведени следните активности:

- Фасилитирање на консултативните средби со критичните заинтересирани страни;
- Следење рурални форуми;
- Претставување на процесот за подготовка на менаџмент план на Јавната расправа по предлог закон за прогласување на Национален Парк Шар Планина;
- Подготовка на планот за активности за изработка на Менаџмент план;
- Ревидирање на предложените граници и зонирање на истото предлог подрачје;
- Во соработката со IUCN учествуваше во директна комуникација со сите заинтересирани страни на сите нивоа во регионот на Шар Планина.

Проектната активност беше имплементирана во рамки на проектот *„Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање за користење на земјиштето“.* Проектот е финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ), се спроведува преку Програмата за животна средина на ОН (УНЕП), главен партнер и корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), додека партнер во спроведувањето на оваа проектна активност се IUCN и Натура МК.

Ангажманот на Натура МК продолжува и во 2021 година со спроведување

на втората фаза од истиот проект во кој ќе работи на следните задачи: подготовка на менаџмент план за НП Шар Планина; организирање и фасилитирање работилници со заинтересирани страни; организирање кампања за промовирање на новото заштитено подрачје на локално, национално и интернационално ниво; подготовка и спроведување тренинг програма за градење на капацитетите на лицата кои делуваат во заштитените подрачја во Република Северна Македонија.

## Дополнителни активности

Во 2020 година Натура МК стана членка на две мрежи.

Членка на коалицијата за клима, формирана од граѓански организации кои работат на едукација и информирање за овие теми со цел зголемување на учеството на граѓаните во носењето на одлуки и мониторирање на спроведувањето на истите.

Натура МК се обврза дека со сите свои капацитети ќе придонесе да во што поскора иднина ја видиме Шар Планина како национален парк, а за таа цел потпиша меморандум за соработка и поддршка на неформалната група на здруженија на граѓани „Пријателите на Шара“.



# 3 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ во 2020 година

Основен извор на приходи во 2020 година со кои се остваруваат целите на Здружението се донации од Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) и консултански услуги. Вкупниот приход во 2020 година е остварен со цел да се подготви план за управување и зонирање на идниот национален парк Шар Планина и изнесува 425.494 денари.

**Биланс на приходи** *




* износите се во денари



Натура МК

Здружение за застапување, спроведување
и поддршка на решенија со кои луѓето
ќе бидат подобро поврзани со природата
**НАТУРА МК** Скопје

**Адреса**
Бул. Видое Смилевски Бато бр. 39/26
1000 Скопје, Р С Македонија

**Контакт**
Т: +389 75 341 131
@: contact@naturamk.org

**www.naturamk.org**